# 29. ТРГНА РУМЕНА ЗА ВОДА СТУДЕНА

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеел: Младен Тодоров
Роден: Кавадарци, 1915 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932-36 год.




1. Тргна Румена за вода студена,
   оздола иде едно лудо младо;

2. лудо на мома Румена говори:
   — Кажи, Румено, што да ти направам?

3. Цвеќе да ти земам, друго ќе си купиш,
   ем поубаво, ем помиризно,

4. стомни да ти скршам, други ќе си купиш,
   ем поубави, ем пошарени;

5. најубавото е да те целунам,
   целувката се с пари не купува.

Забелешка: Секој стих се пее по двапати. Интерполацијата „леле“ се пее во секој стих.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978